Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 04-1586/13

06.08 2025 година

Врз основа на член 31, член 67 став 1 алинеа 2 и член 79 став 9 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република С. Македонија" бр. 99/19,220/19,236/22,74/2024) и добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр. 19-5822/2 од 17.07.2025 година, заведено под наш број 04-727/6 од 24.07.2025 година, член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 и 167/2010, а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување на припадници на затворска полиција во КПД Штип број 02/2025 од 29.07.2025 година(деловоден број 04-1586/1 од 29.07.2025) и Предлог за унапредување на припадници на затворска полиција по интерен оглас број 04-1586/12 од 05.08.2025 година, директорот на КПД Штип донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по интерен оглас
## за унапредување на припадници на затворска полиција

Од доставениот Предлог за унапредување на припадници на затворска полиција по интерен оглас број 02/2025 од 29.07.2025 година (деловоден број 04-1586/1 од 29.07.2025), избрани се кандидатите за следните работни места:

**1**. За работното место под реден број 1, Заповедник во Затворска полиција - Раководен припадник на затворска полиција од прво ниво во Затворска полиција при КПД Штип, ниво Б1 и шифра на работнотно место ЗАТ 02 04 Б01 002, избран е:

- Горан Стојанов

**2**. За работнотото место под реден број 2,Помлад соработник во Затворска полиција – Стручен припадник на затворска полиција од трето ниво КПД Штип, ниво В3 и шифра на работнотно место ЗАТ 02 04 В03 002, избрани се:

- Димитар Ташков
-Бобан Данов
-Костадин Паризов

3. За работнотото место под реден број 3,Помлад соработник во Затворска полиција – Стручен припадник на затворска полиција од трето ниво КПД Штип, ниво В3 и шифра на работнотно место ЗАТ 02 04 В03 002, избран е:

-Благој Арсов

4. За работнотото место под реден број 2,Помлад соработник во Затворска полиција за внатрешно и надворешно обезбедување – Стручен припадник на затворска полиција од трето ниво КПД Штип, ниво В3 и шифра на работнотно место ЗАТ 02 04 В03 002, избран е:

-Наумче Прлески

## Образложение

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр. 19-5822/2 од 17.07.2025 година, заведено под наш број 04-727/6 од 24.07.2025 година, Директорот на КПД Штип на огласната табла на установата објави интерен оглас број 2/2025(деловоден број 04-1586/1 од 29.07.2025 година) за унапредување на припадници на затворска полиција на работните места Заповедник на затворска полиција 1(еден) извршител и Помлад затворски полицаец 5 (пет) извршители во КПД Штип.

По објавување на интерниот оглас бро 04-1586/1 од 29.07.2025 година за унапредување на припадници на затворска полиција,и доставениот Предлог бр.04-1586/12 од 05.08.2025г. за унапредување на кандидати од страна на Комисијата Директорот донесе одлука за избор за унапредување на припданици на затворска полиција.

По спроведената постапка за административна селекција согласно Записникот за административна селекција бр.04-1586/4 од 04.08.2025, 04-1586/5 од 04.08.2025 04-1586/6 од 04.08.2025 и 04-1586/7 од 04.08.2025 година, именуваните кандидати ги исполнуваат условите и продолжија во натамошната фаза од постапката.

Согласно член 7 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата и содржината на образецот на пријавата и начинот на поднесување на документите и доказите за исполнување на условите содржани во огласот, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависнот од категоријата на работното место за кое е објавен интерениот оглас за унапредување на припадник на затворска полиција ("Службен Весник на РСМ" бр. 121/2021), интервјуто на кандидатот за унапредување на работни места од категорија Б се врши од страна на раководното лице на установата, во присуство на претставник од организационата единица за управување со човечки ресурси. На ден 05.08.2025 година оддржано е интервјуто на Директорот на установата со кандидатот за унапредување од редовите на затворска полиција, по што изготвен е Записник за интервју број 04-1586/8 од 05.08.2025г. Записник за интервју број 04-1586/9 од 05.08.2025г, Записник за интервју број 04-1586/10 од 05.08.2025г Записник за интервју број 04-1586/11 од 05.08.2025г со прилог формулар со прашања и освоени бодови од спроведеното интервју. Примерок од записникот за интервју веднаш е доставен до Комисијата за селекција за унапредување на припадници на затворска полиција.

За работните места од категоријата В интервјуто го спроведе Комисијата при што состави записник.

Врз основа на записникот за административната селекција и записникот од спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на припадници на затворска полиција, изготви конечна ранг листа на кандидати од двете фази на селекција.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од двете фази на селекција за унапредување, од страна на Комисијата изготвен е Предлог за унапредување на кандидати по интерен оглас 02/2025 од 29.07.2025 година, заверен под број бр.04-1586/12 од 05.08.2025г Директорот на Казнено поправен дом Штип за работното место Заповедник на затворска полиција во Казнено поправен дом Штип го избра пријавениот кандидат Горан Стојанов за работното место Помлад соработник во Затворска полиција Димитар Ташков, Бобан Данов, Костадин Паризов и Благој Арсов а за работно место Помлад соработник во Затворска полиција за внатрешно и надворешно обезбедување кандидатот Наумче Прлески.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на огласната табла во КПД Штип да поднесе жалба преку до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:
-Именуваните
-Одделение за човечки ресурси
-Архива
-Огласна табла на КПД Штип

Директор
Дејанчо Здравков